# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

ул. Петар Дељан бр. 17, 1000 Скопје, тел.++389 2 785 420; факс. ++389 2 770 210;
E-mail: contact@kiselavoda.gov.mk, www.kiselavoda.gov.mk


**Бр. 13-1914/14 од 27.12.2019 год.**

Врз основа на член 24 и член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18, 168/18), член 50 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр. 5/02), член 57 од Статутот на Општина Кисела Вода (Службен гласник на Град Скопје бр. 8/2005 и Службен гласник на Кисела Вода бр. 13/2006) и донесената програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2019 година со Решение бр. 08-11142/2 од 31.12.2018 година за Детален урбанистички план за изменување и дополнување на Детален урбанистички план за Градска Четврт Ј10, блок 7, Општина Кисела Вода - Скопје, по прифатена иницијатива, Градоначалникот на Општина Кисела Вода, го дава следното:

## СООПШТЕНИЕ

за организирање на јавна анкета и јавна презентација
по предлог план за изменување и дополнување на
Детален урбанистички план за Градска Четврт Ј10, блок 7,
Општина Кисела Вода – Скопје,

Границата на планскиот опфат е дефиниран со границата на Блок 7 од Деталниот урбанистички план Реон Ј, Четврт Ј10, Општина Кисела Вода – Скопје, движејќи се по оските на сообраќајниците и тоа:

- на северо – запад, по осовина на сервисна улица „Божидар Аџија“,
- на северо – исток, по осовина на сервисна улица „Ѓорѓи Димитров“,
- на југо – исток, по осовина на собирна улица „Народни Хероi“,
- на југо – запад, по осовина на собирна улица „Димо Хаџи Димов“.

Опфатот е со површина од 6.53 ха.

Јавната анкета по предлог план за изменување и дополнување на Детален урбанистички план за Градска Четврт Ј10, блок 7, Општина Кисела Вода – Скопје, ќе се спроведе со излагожување на предлог планот во У.З. „Цветан Димов“ на ул. „Томе Арсовски“ бр. 49 и на www.kiselavoda.gov.mk.

Јавната анкета ќе трае 10 работни дена, почнувајќи три дена од денот на објавувањето на Соопштението, секој работен ден од 07:00 – 15:00 часот, во У.З. „Цветан Димов“ на ул. „Томе Арсовски“ бр. 49, лице за контакт Ванчо Трајковски тел. 072/313-319 или на www.kiselavoda.gov.mk.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови на шалтерот на Општина Кисела Вода (барака 6), секој работен ден од 08:30 – 16:30 и во У.З. „Цветан Димов" на ул. „Томе Арсовски" бр. 49, секој работен ден од 07:00 – 15:00.

Јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи во службените простории на Општина Кисела Вода, барака 7, Голема Сала, на 09.01.2020 година во 10:00 часот.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
на Општина Кисела Вода
Филип Темелковски